

# ГЕОРГИ БАЈРАКТАРОВ

*директор на Биросеф*

# Купувајте производи со докажан квалитет

**Каква компанија е Биросеф и што нуди?**

ДПТУ Биросеф дооел Струм-ица е инженеринг-компанија која повеќе од десет години успешно постои на пазарот и се занимава со производство, продажба и инсталација на сигурносна опрема (сигурносни сефови, ормари и блиндирани врати), противпожарни (противпожарни сефови, ормари, метални и стаклени врати) и банкарска опрема (модуларни трезори, трезорски врати, депозитни сефови и др.). Компанијата од 2005 година работи во услови на воведен систем за управување со квалитетот ISO 9001:2008, а од 2009 година е член на Европската асоцијација за сертификација на продукти за сигурност (ESSA – European Security Systems Association, Frankfurt/Main).

■ **Кога станува збор за сертифицирана сигурносна опрема, што е важно да се знае?**

Во Европа, кога станува збор за сертифицирана сигурносна опрема (сефови, трезори, врати) се мисли на опрема која е атестирана во согласност со европските стандарди за сигурност и која поседува европски сертификати како доказ за истото.

Во Европската унија постојат пропишани правила за тоа што каде треба да се чува и која класа на сеф за чување максимум колкава сума пари би требало да се користи. Доколку опремата во којашто се чуваат вредностите, парите и документите не е соодветна, осигурителните компании не исплаќаат премии.

■ **За кои сигурносни продукти има најголем интерес од страна на компаниите? Дали компаниите бараат сертифицирана сигурносна опрема?**

Во Македонија дел од банките веќе започнаа да покажуваат интерес за купување сертифицирана сигурносна опрема со европски сертификати, но сепак, голем дел од компаниите, за жал, сѐ уште бараат да купат евтини сигурносни врати или пак, некое мало сефче, кое е важно само да има доволно простор за внатре да можат да сместат пари и некои поважни документи, не водејќи сметка за квалитетот на истиот. Но, тука се прави голема грешка, од причина што ваквите врати крадците брзо ги разбиваат, а сефчињата или брзо ги разбиваат или ги крадат цели. Затоа, најдобро е да се набавуваат висококвалитетни сигурносни сефови и врати, кои поседуваат соодветен сертификат како гаранција за квалитетот на опремата т.е. се доказ дека опремата е атестирана во согласност со европските стандарди за сигурност.

■ **Што е тоа со што Биросеф се издвојува од другите компании со иста дејност?**

Биросеф е единствената фирма во Македонија којашто произведува сигурносни сефови, трезорски и блиндирани врати со ЕВРОПСКИ СЕРТИФИКАТИ ЗА СИГУРНОСТ. Освен тоа, произведуваме и метални противпожарни и стаклени противпожарни врати, кои се атестирани во Институтот ИМС во Белград.

Покрај стандардната продукција, произведуваме и нестандардни производи, т.е. производи изработени по специјални барања на клиентите, а исто така, располагаме и со сопствена сервис-екипа, која е специјално обучена за отстранување секакви проблеми поврзани со функционирањето на спомenатата опрема.

■ **Што би им препорачале на компаниите во врска со подобрувањето на сигурноста на својот имот?**

Од многу голема важност е секоја компанија да има вградено сигурносна и противпожарна опрема со гарантиран, потврден квалитет, опрема која е атестирана и која поседува сертификати како доказ за квалитетот, бидејќи секоја импровизација со неквалитетна и евтина сигурносна и противпожарна опрема е ризична и несигурна за чување пари, вредности и документи.


Biro SAFE
Security Equipment

**БИРОСЕФ**

ESSA MEMBER · CERTIFICATION INTERNATIONAL ISO 9001:2008 · UKAS 063

- Сигурносни сефови со Европски сертификати (ECB-S certified EN 1143-1)
- Трезори и трезорски врати (ECB-S certified EN 1143-1)
- Сигурносни врати со Европски сертификати (ECB-S certified EN 1627)
- Противпожарни врати, сефови, архивски и картотечни ормари



Ул. Гоце Делчев 121 Струмица, тел. 034/330 290, факс 034/330 291 sales@birosafe.com
Бул. Партизански одреди 82/2 лок. 19 Скопје, тел/факс 02/30 75 786 salesmk@birosafe.com